

# Приручник за монтажа

Quality, Design and Innovation



home.liebherr.com/fridge-manuals

## Содржина


**1 Општи безбедносни инструкции....................... 2**

**2 Услови за инсталација.................................... 3**
2.1 Просторија...................................................... 3
2.2 Вградување на уредот во кујнски елемент.......... 3
2.3 Инсталирање повеќе уреди.................................. 5
2.4 Електричен приклучок......................................... 5

**3 Зафатнина при инсталација............................. 6**

**4 Услови за вентилација.................................... 6**

**5 Димензии за приклучување за напојувањето со струја.............................................................. 6**

**6 Приклучок за вода*........................................... 6**
6.1 Димензии на приклучокот за вода*...................... 7
6.2 Притисок на вода................................................ 7

**7 Пренесување на уредот..................................... 7**

**8 Отпакување на уредот...................................... 7**

**9 Монтирање ѕидни одбојници............................ 7**

**10 Инсталирање на уредот................................... 7**

**11 Порамнување на уредот................................... 8**

**12 После монтирањето......................................... 8**

**13 Фрлање на пакувањето.................................... 8**

**14 Промена на шарките на вратата....................... 8**
14.1 Вадење на горниот амортизер за затворање*.... 9
14.2 Вадење на долниот амортизер за затворање*... 10
14.3 Олабавување на кабелските спојки.................. 12
14.4 Вадење на горната врата................................ 12
14.5 Вадење на долната врата................................ 13
14.6 Преместување на горните лежишта................. 13
14.7 Преместување на средните лежишта................ 15
14.8 Преместување на долните лежишта.................. 16
14.9 Преместување на лежиштата на вратата.......... 17
14.10 Преместување на рачките*............................ 17
14.11 Монтирање на долната врата........................ 18
14.12 Монтирање на горната врата......................... 19
14.13 Монтирање на кабелската спојка................... 19
14.14 Порамнување на вратите............................... 20
14.15 Монтирање на долниот амортизер за затворање.................................................................. 20
14.16 Монтирање на горниот амортизер за затворање.................................................................. 21

**15 Поврзување на уредот со доводот за вода*...... 22**
15.1 Приклучување на цревото*.............................. 22
15.2 Проверка на системот за вода......................... 22

**16 Резервоар за вода*......................................... 23**
16.1 Поставување на резервоарот за вода.............. 23

**17 Филтер за вода*............................................. 23**
17.1 Поставување на филтерот за вода.................. 23

**18 Приклучување на уредот во струја.................. 23**


Произведувачот постојано работи на понатамошно развивање на сите типови и модели. Затоа ве молиме за разбирање дека мораме да го задржиме правото на измена на формата, опремата и технологијата.

| Симбол | Објаснување |
|---|---|
|  | **Прочитајте го прирачникот**<br>За да ги запознаете сите предности на новиот уред, внимателно прочитајте ги инструкциите во овој прирачник. |
|  | **Дополнителни информации на интернет**<br>Дигиталниот прирачник со целосни информации и дополнителни јазици можете да го најдете на интернет преку QR-кодот на предната страна од прирачникот или со внесување на сервисниот број на **home.liebherr.com/fridge-manuals**.<br>Сервисниот број се наоѓа на табличката со податоци:<br><br><br>*Фиг.* Пример за приказ |
|  | **Проверка на уредот**<br>Проверете дали има оштетување при транспортот на сите делови. Ако имате рекламација, обратете се до дистрибутерот или корисничката служба. |
| * | **Разлики**<br>Прирачникот важи за повеќе модели, па затоа може да постојат некои разлики. Деловите, што се однесуваат на определени уреди, се означени со ѕвездичка (*). |
| ▷ ▶ | **Инструкции и резултати од ракувањето**<br>Инструкциите за ракување се означени со ▶.<br>Резултатите од ракувањето се означени со ▷. |
| YouTube | **Видеа**<br>На YouTube-каналот на Liebherr-Hausgeräte се поставени видеа за уредите. |

**Лиценци за слободен софтвер:**

Уредот содржи софтверски компоненти што користат лиценци за слободен софтвер. Информациите за користените лиценци за слободен софтвер можете да ги погледнете овде: **home.liebherr.com/open-source-licences**

# 1 Општи безбедносни инструкции

- Внимателно чувајте го прирачникот за монтажа за да може да ви биде достапен во секое време.
- Кога ќе го дадете уредот на следниот корисник, со него дадете го и прирачникот за монтажа.
- Внимателно прочитајте го прирачникот за монтажа пред инсталирање и употреба за да можете правилно да го користите уредот. Следете ги упатствата, безбедносните инструкции и предупредувањата во него. Тие се важни за безбедно и беспрекорно инсталирање и употреба.

- Прво прочитајте ги безбедносните инструкции во **прирачникот за употреба**, на којшто припаѓа овој прирачник за монтажа, во поглавјето „Општи безбедносни инструкции“. Ако го изгубите **прирачникот за употреба**, можете да го преземете **истиот** преку интернет, со внесување на сервисниот број на **home.liebherr.com/fridge-manuals**. Сервисниот број се наоѓа на табличката со податоци:




- **Внимавајте на предупредувањата и останатите специфични инструкции во другите поглавја кога го инсталирате уредот:**

| | | |
|---|---|---|
| ⚠ | ОПАСНОСТ | означува непосредно опасна ситуација, којашто ако не се спречи, доведува до смрт или тешки телесни повреди. |
| ⚠ | ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ | означува опасна ситуација, којашто ако не се спречи, може да доведе до смрт или тешки телесни повреди. |
| ⚠ | ВНИМАТЕЛНО | означува опасна ситуација, којашто ако не се спречи, доведува до лесни или тешки телесни повреди. |
| | ВНИМАНИЕ | означува опасна ситуација, којашто ако не се спречи, може да предизвика материјална штета. |
| | Забелешка | означува корисни забелешки и совети. |

# 2 Услови за инсталација

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од пожар поради влага!
Ако се навлажнат деловите што спроведуваат струја или приклучокот за струја, може да дојде до краток спој.
▶ Уредот е дизајниран за употреба во затворени простории. Не користете го уредот на отворено или на влажни места и места каде што се прска со вода.

Соодветна употреба

- Уредот треба да се инсталира и користи исклучиво во затворени простории.

## 2.1 Просторија

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Разладно средство и масло што истекуваат!
Оган. Разладното средство е еколошко, но запаливо. Маслото е запаливо. При поголема концентрација и во допир со надворешен извор на топлина, разладното средство и маслото што истекуваат може да се запалат.
▶ Не оштетувајте ги цревата за разладно средство и компресорот.

- Ако го поставите уредот во многу влажна просторија, на надворешната страна од уредот може да се појави кондензирана вода.
  Просторијата постојано треба да има добра вентилација.
- Што повеќе разладно средство има во уредот, толку поголема треба да биде просторијата во која се наоѓа уредот. Во премали простории, при истекување може да се создаде запалива смеса од гас и воздух. На 8 g разладно средство мора да има простор од најмалку 1 $m^3$ . Податоците за разладното средство се наоѓаат на табличката со податоци внатре во уредот.

### 2.1.1 Подлога во просторијата

- Подот мора да биде рамен.
- Подлогата на уредот мора да биде на иста висина како подот.

### 2.1.2 Позиционирање во просторијата

- Не поставувајте го уредот на место што е изложено на директна сончева светлина ниту во близина на греење или нешто слично.
- Можете да го поставите уредот директно до рерна.
- Ако го поставите уредот директно до рерна, потрошувачката на енергија може постепено да се зголемува. Тоа зависи од времето и интензитетот на употреба на рерната.
- Поставете го уредот директно до ѕидот со задната страна или со одбојникот (погледнете подолу).

## 2.2 Вградување на уредот во кујнски елемент

Можете да го вградите уредот во кујнска полица.




*Фиг. 1*

**(1)** Горна полица *
**(2)** Уред *
**(3)** Кујнска полица *
**(4)** Ѕид *
**(A)** Дебелина на уредот *
**(B)** Дебелина на вратата *
**(C)** Пресек на вентилација *
**(D)** Растојание на задната страна на уредот *
**(E)** Растојание до страната на уредот *

Можете да го поставите уредот веднаш до кујнската полица *Фиг. 1 (3)*.*

На задната страна од горната полица мора да има отвор за вентилација со дебелина *Фиг. 1 (D)* врз целата ширина на горната полица.*

Под таванот мора да се запази напречниот пресек на вентилацијата *Фиг. 1 (C)*.*

Ако го поставите уредот со шарките до ѕид *Фиг. 1 (4)*, растојанието помеѓу уредот и ѕидот мора да изнесува најмалку 13 mm .*

Ако го поставите уредот со шарките до ѕид *Фиг. 1 (4)*, растојанието помеѓу уредот и ѕидот мора да изнесува најмалку 20 mm .*

За да можете да ја отворите вратата целосно, уредот мора да стрчи колку е дебела вратата *Фиг. 1 (B)* наспроти предниот дел на кујнската полица. Во зависност од дебелината на кујнската полица *Фиг. 1 (3)* и употребата на одбојници, уредот може да стрчи уште повеќе.*

| Уреди без рачка / со вдлабната рачка:* | |
|---|---|
| A | 675 mm [x] |
| B | 75 mm |
| C | најмалку 300 cm$^2$ |
| D | најмалку 50 mm |
| E | најмалку 13 mm |

[x] При употреба на ѕидни одбојници, димензијата се зголемува за 15 mm (погледни 9 Монтирање ѕидни одбојници) .*

| Уред со вдлабната рачка и стаклен/камен преден дел:* | |
|---|---|
| A | 682 mm [x] |
| B | 82 mm |
| C | најмалку 300 cm$^2$ |
| D | најмалку 50 mm |
| E | најмалку 20 mm |

[x] При употреба на ѕидни одбојници, димензијата се зголемува за 15 mm (погледни 9 Монтирање ѕидни одбојници) .*




*Фиг. 2*

**(1)** Горна полица *
**(2)** Уред *
**(3)** Кујнска полица *
**(4)** Ѕид *
**(A)** Дебелина на уредот *
**(B)** Дебелина на вратата *
**(C)** Пресек на вентилација *
**(D)** Растојание на задната страна на уредот *
**(E)** Растојание до страната на уредот *

Можете да го поставите уредот веднаш до кујнската полица *Фиг. 2 (3)*.*

На задната страна од горната полица мора да има отвор за вентилација со дебелина *Фиг. 2 (D)* врз целата ширина на горната полица.*

Под таванот мора да се запази напречниот пресек на вентилацијата *Фиг. 2 (C)*.*

Ако го поставите уредот со шарките до ѕид *Фиг. 2 (4)*, растојанието помеѓу уредот и ѕидот мора да изнесува најмалку 57 mm . Ова одговара на просторот што го зафаќа рачката кога е отворена вратата.*

За да можете да ја отворите вратата целосно, уредот мора да стрчи колку е дебела вратата *Фиг. 2 (B)* наспроти предниот дел на кујнската полица. Во зависност од дебелината на кујнската полица *Фиг. 2 (3)* и употребата на одбојници, уредот може да стрчи уште повеќе.*

| Уреди со обична рачка:* | |
|---|---|
| A | 675 mm ˣ |
| B | 75 mm |
| C | најмалку 300 cm$^2$ |
| D | најмалку 50 mm |
| E | најмалку 57 mm |

ˣ При употреба на ѕидни одбојници, димензијата се зголемува за 15 mm (погледни 9 Монтирање ѕидни одбојници) .*

**Забелешка**
Преку корисничката служба може да се набави комплет за ограничување на аголот на отворање на вратата до 90° за уреди со амортизер за затворање.

Проверете дали се запазени следните услови:
- Димензиите на преградата се запазени .
- Условите за вентилација се запазени (погледни 4 Услови за вентилација) .

## 2.3 Инсталирање повеќе уреди

Уредите се предвидени за разни типови инсталација. Ако сакате да поставите повеќе уреди еднододруго или еднонадруго, мора да се исполнети следните услови:

- ❑ Поставете еднододруго или еднонадруго само уреди што се наменети за тоа.
- ❑ Внимавајте на инструкциите и следните табели.

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради кондензирана вода!
▶ Не поставувајте го уредот директно до друг фрижидер/ замрзнувач.

| Модел | Тип инсталација |
|---|---|
| Сите модели | Поединечно |
| Модели, чијашто ознака започнува со **S....** | Side-by-Side (SBS) |

| Модел | Тип инсталација |
|---|---|
| Модели без греење на страничниот ѕид | <br>**Еднододруго:** Поставете ги уредите со растојание **A** помеѓу нив од 70 mm.<br>Ако не го запазите ова растојание, се создава кондензирана вода на страничните ѕидови помеѓу уредите.<br><br>**На надворешен ѕид:** Поставете ги на растојание **A** како при поставување еднододруго.<br>Ако не го запазите ова растојание, може да се создаде кондензирана вода на страничниот ѕид на уредот. |

*Модели и нивен тип на инсталација*

Монтирајте ги уредите според одделните прирачници за монтажа.

## 2.4 Електричен приклучок

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност поради несоодветно монтирање!
Ако кабелот за струја или приклучокот се допре со задната страна на уредот, вибрациите на уредот може да го оштетат кабелот за струја или приклучокот и да дојде до краток спој.
▶ Внимавајте да не приклештите електричен кабел под уредот кога го монтирате.
▶ Поставете го уредот на тој начин што нема да допира приклучок или кабел за струја.
▶ Не приклучувајте уреди на приклучоците на задната страна на уредот.
▶ **Не** поставувајте и не користете штекери со повеќе приклучоци или терминали и други електронски уреди (како на пр., халогенски трансформатори) на задната страна од уредот.

# 3 Зафатнина при инсталација




*Фиг. 3*

| | h | a | b | b` | c | c` | d | d` |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| CN.. 52.. | 1855 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| SCN.. 52..(i) | 1855 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| SBN.. 52..(i) | 1855 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| SWN.. 52..(i) | 1855 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| CN.. 57..(i) | 2015 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| CBN.. 575(i) / 576i | 2015 | 597 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 609 | 654 | $1215^{x}$ | $1222^{x}$ |
| CBN.. 578(i) / 579i | 2015 | 597 | $675^{x}$ | – | 609 | – | $1217^{x}$ | – |
| CBN.. 573i | 2015 | 597 | $675^{x}$ | – | 609 | – | $1217^{x}$ | – |
| CBN.. 5773 | 2015 | 597 | $682^{x}$ | – | 609 | – | $1217^{x}$ | – |
| CN.. 77..(i) | 2015 | 747 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 759 | 804 | $1365^{x}$ | $1372^{x}$ |
| CBN.. 76..(i) | 1855 | 747 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 759 | 804 | $1365^{x}$ | $1372^{x}$ |
| CBN.. 775(i) | 2015 | 747 | $675^{x}$ | $719^{x}$ | 759 | 804 | $1365^{x}$ | $1372^{x}$ |
| CBN.. 778i | 2015 | 747 | $675^{x}$ | – | 759 | – | $1367^{x}$ | – |

$^{x}$ Кај уреди со ѕидни одбојници, димензијата се зголемува за 15 mm .

# 4 Услови за вентилација

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради прегревање при недоволна вентилација!
При недоволна вентилација може да се оштети компресорот.
▶ Постојано треба да има доволна вентилација.
▶ Внимавајте на условите за вентилација.

Ако уредот е вграден во кујнскиот елемент, треба да се запазат следните услови за вентилација:
- Поточно: што поголем напречен пресек на вентилацијата, толку повеќе уредот заштедува енергија при работа.

# 5 Димензии за приклучување за напојувањето со струја

Приклучокот за напојување со струја се наоѓа на задната страна на уредот. За да можете да го приклучите уредот безбедно, проверете дали се исполнети следните услови:
❑ Димензиите на приклучокот за напојувањето со струја се запазени. Погледнете ја табелата подолу.
❑ Приклучувањето на напојувањето со струја се извршува според прирачникот. (погледни 18 Приклучување на уредот во струја)




*Фиг. 4 Комбинирани фрижидери / Замрзнувачи / фрижидери со BioFresh**

**(a)** Максимална достапна должина на кабелот за струја
**(b)** Максимална достапна должина на кабелот за струја
**(c)** Максимална достапна вертикална должина на кабелот за струја
**(d)** Растојание од приклучокот на уредот до подот
**(G)** Приклучок на уредот

| За уреди со ширина од 600 mm:* | |
|---|---|
| **a** | ~ 1800 mm* |
| **b** | ~ 1400 mm* |
| **c** | ~ 2100 mm* |
| **d** | ~ 200 mm* |

| За уреди со ширина од 750 mm:* | |
|---|---|
| **a** | ~ 1725 mm |
| **b** | ~ 1325 mm |
| **c** | ~ 2100 mm |
| **d** | ~ 200 mm |

# 6 Приклучок за вода*

Ако уредот содржи приклучок за водоводна мрежа, со него е приложено и соодветно црево.*

**Забелешка**
Можете да купите црево со друга должина како дополнителна опрема.*

| | |
|---|---|
| Преглед на димензиите на приклучокот за вода:* | (погледни 6.1 Димензии на приклучокот за вода*) * |
| Услови за притисокот на водата: | (погледни 6.2 Притисок на вода) |
| Поставување приклучок за вода: | (погледни 15 Поврзување на уредот со доводот за вода*) |

## 6.1 Димензии на приклучокот за вода*




*Фиг. 5*

**(a)** Максимална достапна должина на цревото
**(b)** Максимална достапна должина на цревото
**(c)** Растојание од магнетниот вентил до подот
**(M)** Магнетен вентил

За уреди со ширина од 600 mm:*

| a* | b* | c* |
|---|---|---|
| ~ 1650 mm | ~ 1500 mm | ~ 150 mm |

За уреди со ширина од 750 mm:*

| a* | b* | c* |
|---|---|---|
| ~ 1575 mm | ~ 1425 mm | ~ 150 mm |

## 6.2 Притисок на вода

Цевката за вода и магнетниот вентил на уредот поддржуваат притисок на вода до 1 MPa (10 bar).

За да проверите дали вашиот уред функционира беспрекорно (количина на проток, големина на коцки мраз, ниво на бучава), запазете ги следните вредности за притисок на водата:

| Притисок на вода:* | |
|---|---|
| bar* | MPa* |
| 1,5 до 6,2 | 0,15 до 0,62 |

| Притисок на вода при употреба на филтер за вода:* | |
|---|---|
| bar* | MPa* |
| 2,8 до 6,2 | 0,28 до 0,62 |

Ако притисокот е повисок од 6,2 bar:
- ▶ Поставете претходно редуктор за притисок.
- ▶ Поставете приклучок за вода. (погледни 15 Поврзување на уредот со доводот за вода*)

# 7 Пренесување на уредот

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од повреда поради скршено стакло!*
При транспорт на висина поголема од 1500 m може да се скршат стаклата на вратата. Скршените делови имаат остри рабови и може да предизвикаат тешки повреди.
- ▶ Преземете соодветни заштитни мерки.

**При пренесувањето на уредот внимавајте:**
- ▶ Пренесувајте го уредот во исправена позиција.
- ▶ Уредот треба да го пренесуваат две лица.

**При првата употреба:**
- ▶ Пренесувајте го уредот спакуван.

**При пренесување на уредот после прва употреба (на пр. при преселување или чистење):**
- ▶ Испразнете го уредот.
- ▶ Фиксирајте ја вратата за да не се отвори ненамерно.

# 8 Отпакување на уредот

Ако уредот е оштетен, веднаш - пред приклучување - обратете се до доставувачот.

- ▶ Проверете дали има оштетување при транспортот на уредот и пакувањето. Веднаш обратете се до доставувачот ако се сомневате на некакви оштетувања.
- ▶ Отстранете ги сите материјали од задната страна или од страничните ѕидови на уредот, коишто може да пречат при поставување или на вентилацијата на уредот.
- ▶ Отстранете ги сите заштитни фолии од уредот. Притоа не користете шилести или остри предмети!

# 9 Монтирање ѕидни одбојници

Со одбојниците се постигнува декларираната потрошувачка на енергија на уредот и не се создава кондензација при поголема влага во околината. Уредот може да се употребува и без одбојниците, но користи малку повеќе енергија.

Ако ги поставите ѕидните одбојници, длабочината на уредот се зголемува за околу 15 mm.



- ▶ Уред со приложени одбојници: Монтирајте ги одбојниците долу лево и десно на задната страна од уредот.

# 10 Инсталирање на уредот

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од повреда поради тежок уред!
- ▶ Уредот треба да го пренесат две лица до местото за поставување.

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од повреди и оштетување!*
Вратата може да удри на ѕидот и да се оштети. Кај стаклени врати, оштетеното стакло може да предизвика повреди!
- ▶ Заштитете ја вратата од удирање во ѕидот. Поставете заштита на ѕидот, на пр., од платно.
- ▶ Може да се нарача ограничувач на вратата на 90° од корисничката служба.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од пожар поради краток спој!
- ▶ Ако го поставувате уредот: Кабелот за струја не треба да се витка, притиска или оштетува.
- ▶ Не користете го уредот со неисправен кабел за струја.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од повреди и оштетување поради нестабилен уред!
Уредот може да се навали.
- ▶ Прицврстете го уредот како што е опишано во прирачникот.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од пожар и оштетување!
- ▶ Не поставувајте апарати што создаваат топлина, на пр., микробранова печка, тостер итн. на уредот!

Проверете дали се запазени следните услови:
- ❑ Поместувајте го уредот само кога е празен.
- ❑ Инсталирајте го уредот само со помош од друго лице.

- ▶ Земете го кабелот за струја од торбичката.
- ▶ Вметнете го приклучокот од кабелот за струја целосно во приклучокот на десната страна од фрижидерот. Приклучокот од кабелот треба да е поставен цврсто.
- ▶ По потреба, поставете го приклучокот од кабелот на слободен штекер, со шнур.

# 11 Порамнување на уредот




*Фиг. 6*

- ▶ Одвртете ги ногарките *Фиг. 6 (A)* со приложениот рачвест клуч и со помош на васервага, додека уредот се порамни цврсто и подеднакво.

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од повреди и оштетување поради навалување и паѓање на уредот!
Ако дополнителната ногарка на долното лежиште не е поставена правилно на подот, може да испадне вратата или да се навали уредот. Ова може да предизвика материјална штета и повреди.
- ▶ Одвртете ја ногарката на лежиштето според прирачникот.

- ▶ Одвртете ја ногарката *Фиг. 6 (B)* на лежиштето со приложениот рачвест клуч, додека легне на подот.
- ▶ Завртете ја ногарката *Фиг. 6 (B)* за уште 90°.
- ▷ Уредот е порамнет.

# 12 После монтирањето

- ▶ Отстранете ги сите делови за безбедност при транспорт.
- ▶ Извадете ги заштитните фолии од надворешната страна на куќиштето.
- ▶ Извадете ги заштитните фолии од лајсните.*
- ▶ Извадете ги заштитните фолии од лајсните и од предните делови на фиоките.*
- ▶ Извадете ги заштитните фолии од задниот ѕид од не'рѓосувачки челик.
- ▶ Чистење на уредот. (погледнете го прирачникот за употреба)
- ▶ Забележете ги типот (модел, број), ознаката на уредот, бројот на уредот/серискиот број, датумот на купување и адресата на дистрибутерот.

# 13 Фрлање на пакувањето

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од задушување поради материјал за пакување и фолии!
- ▶ Децата не смеат да си играат со материјалот за пакување.

Пакувањето е произведено од материјали за повторна употреба:
- брановит картон/картон
- делови од пенест полистирол
- фолии и вреќи од полиетилен
- ленти од полипропилен
- заковани дрвени рамки со подлошка од полиетилен*
- ▶ Одведете го материјалот за пакување во официјален собирен центар.

# 14 Промена на шарките на вратата

**Алатка**




*Фиг. 7*

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради судир на вратата!
Оштетување на уредите при поставување Side-by-Side. Ако поставите два уреда еднододруго во определен редослед Side-by-Side, страната на отворање на вратата на двата уреда е фабрички поставена.
- ▶ Поставување Side-by-Side: Не менувајте страна за отворање на вратата.

За уреди **со амортизер за затворање** важат деловите:
- ❑ За уреди **со** амортизер за затворање
- ❑ За сите уреди



*Фиг. 8*

Внимавајте на правецот на читање.

## 14.1 Вадење на горниот амортизер за затворање*

**За уреди со амортизер за затворање:***



*Фиг. 9*

- ▶ Отворете ја горната врата.

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување!
Ако кедерот на вратата е оштетен, вратата не се затвора правилно и не се постигнува посакуваното ладење.
- ▶ Не оштетувајте ја вратата со шрафцигер!

- ▶ Извадете го капакот *Фиг. 9 (1)*.
- ▶ Откачете го и олабавете го капакот на лежиштето *Фиг. 9 (2)*.
- ▶ Извадете го капакот на лежиштето. *Фиг. 9 (2)*
- ▶ Откачете го панелот *Фиг. 9 (3)* со шрафцигер и навалете го настрана.



*Фиг. 10*

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од нагмечување поради затворање на зглобот!
- ▶ Вметнете го осигурувачот.

- ▶ Вметнете го осигурувачот *Фиг. 10 (1)* во отворот.
- ▶ Истуркајте ги завртките *Фиг. 10 (2)*.
- ▶ Извадете ги завртките *Фиг. 10 (3)* нагоре.
- ▶ Завртете го зглобот *Фиг. 10 (4)* во правец на вратата.




*Фиг. 11*

- Откачете го капакот *Фиг. 11 (1)* со шрафцигер.
- Извадете го капакот *Фиг. 11 (2)*.




*Фиг. 12*

- Олабавете ги завртките *Фиг. 12 (1)* на амортизерот за затворање со шрафцигер 14 mm.
- Дигнете го склопот на амортизер за затворање *Фиг. 12 (2)* нанапред кај рачката со шрафцигер.
- Извлечете го амортизерот за затворање *Фиг. 12 (3)*.




*Фиг. 13 **

- Отстранете ја завртката *Фиг. 13 (1)*.*
- Лесно притиснете го адаптерот *Фиг. 13 (2)* горе и долу и извлечете го.*

## 14.2 Вадење на долниот амортизер за затворање*



*Фиг. 14*

- Отворете ја долната врата.

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување!
Ако кедерот на вратата е оштетен, вратата не се затвора правилно и не се постигнува посакуваното ладење.
- Не оштетувајте ја вратата со шрафцигер!

- Откачете го панелот со шрафцигер и навалете го настрана. (погледни Fig. 14)



*Фиг. 15*

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од нагмечување поради затворање на зглобот!
- Вметнете го осигурувачот.

- Вметнете го осигурувачот во отворот. (погледни Fig. 15)




*Фиг. 16*

- ▶ Извлечете го капакот на лежиштето *Фиг. 16 (1)* и турнете по должина на зглобот.
- ▶ Кренете ги завртките *Фиг. 16 (2)* со шрафцигер од долната страна.
- ▶ Извлечете ги завртките *Фиг. 16 (3)* од горе.




*Фиг. 17*

- ▶ Завртете го зглобот *Фиг. 17 (1)* во правец на вратата.
- ▶ Отстранете го капакот на лежиштето *Фиг. 17 (2)*.




*Фиг. 18*

- ▶ Олабавете ги завртките *Фиг. 18 (1)* на амортизерот за затворање со шрафцигер 14 mm.
- ▶ Дигнете го склопот на амортизер за затворање *Фиг. 18 (2)* нанапред кај рачката со шрафцигер.
- ▶ Извлечете го амортизерот за затворање. *Фиг. 18 (3)*
- ▶ Тргнете го амортизерот за затворање настрана.




*Фиг. 19 **

- ▶ Отстранете ја завртката *Фиг. 19 (1)*.*
- ▶ Лесно притиснете го адаптерот *Фиг. 19 (2)* горе и долу и извлечете го.*

## 14.3 Олабавување на кабелските спојки




*Фиг. 20*

- Внимателно олабавете го контролниот панел *Фиг. 20 (1)* нанапред.
- Завртете го контролниот панел *Фиг. 20 (2)* за 180° нагоре.
- Притиснете го издатокот *Фиг. 20 (3)* наназад и внимателно извлечете го приклучокот.
- Внимателно олабавете го кабелот *Фиг. 20 (4)* од водилката преку лежиштето.



*Фиг. 21 Комбинирани фрижидери / Замрзнувачи / Ладилници*

- Внимателно олабавете го кабелот *Фиг. 21 (1)* од водилката во вратата.*
- Притиснете го јазичето *Фиг. 21 (2)* зад приклучокот наназад.*
- Извлечете го приклучокот *Фиг. 21 (3)* внимателно нагоре.*

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради прекинат довод на струја!*
Оштетено осветлување на вратата или електроника.
- Не извлекувајте го крајот на кабелот што е вграден во вратата.



*Фиг. 22 Комбинации за вино и замрзнување**

- Извлечете го приклучокот *Фиг. 22 (1)* од преградата.*



*Фиг. 23*

- Кренете го и извлечете го капакот *Фиг. 23 (1)* со шрафцигерот.
- Извлечете го кабелот *Фиг. 23 (2)*.

## 14.4 Вадење на горната врата

**Забелешка**
- Извадете ги прехранбените производи од полиците пред да ја извадите вратата.

**За сите уреди:**




*Фиг. 24*

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од повреда ако се навали вратата!
- ▶ Цврсто држете ја вратата.
- ▶ Внимателно откачете ја вратата.

- ▶ Кренете ја вратата и тргнете ја настрана.

## 14.5 Вадење на долната врата




*Фиг. 25* *

**ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од повреда ако се навали вратата!
- ▶ Цврсто држете ја вратата.
- ▶ Внимателно откачете ја вратата.

- ▶ Извлечете ги завртките *Фиг. 25 (1)* нагоре.*
- ▶ Навалете ја вратата *Фиг. 25 (2)*, повлечете нагоре и тргнете ја настрана.*

## 14.6 Преместување на горните лежишта

**За сите уреди:**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од повреда ако падне вратата!
Ако лежиштата не се доволно зашрафени, вратата може да падне. Ова може да предизвика тешки повреди. Покрај тоа, вратата може да не се затвора целосно и уредот да не лади правилно.
- ▶ Цврсто зашрафете ги лежиштата/завртките со 4 Nm.
- ▶ Проверете ги сите завртки и по потреба зацврстете ги.




*Фиг. 26*

- ▶ Одвртете ги двете завртки со шрафцигер.
- ▶ Кренете го и отстранете го лежиштето.
- ▶ Кренете ги и отстранете ги лежиштето и кабелот.




*Фиг. 27*

- ▶ Извлечете ја пиксната *Фиг. 27 (1)* од водилката.
- ▶ Навалете го држачот за кабли *Фиг. 27 (2)*.




*Фиг. 28*

- ▶ Демонтирајте го кабелот со држачот *Фиг. 28 (3)* од лежиштето.




*Фиг. 29*

- ▶ Поставете го кабелот со спротивни краеви во горното лежиште на држачот за кабел.
- ▷ Средното обележано место *Фиг. 29 (1)* треба да легне на работ од држачот за кабли.
- ▶ Навалете го држачот за кабли.



*Фиг. 30*

- ▶ Поставете го и вметнете го лежиштето од другата страна.

**ВНИМАНИЕ**

Опасност од нагмечување на кабелот

- ▶ Внимавајте на ознаките кога ги поставувате каблите. Крајот на кабелот со двојна ознака мора да се постави во крајниот дел на вратата.



*Фиг. 31*

По поставувањето, кабелот треба да изгледа како што е прикажано на сликата.




*Фиг. 32*

- Извадете го капакот *Фиг. 32 (1)* од горе нанапред.
- Закачете го капакот *Фиг. 32 (2)* завртен за 180° кон другата страна од десно.
- Вметнете го капакот *Фиг. 32 (3)*.
- Поставете го горното лежиште *Фиг. 32 (4)*.
- Нанесете ја и завртете ја завртката *Фиг. 32 (5)* со шрафцигер.
- Нанесете ја и завртете ја завртката *Фиг. 32 (6)* со шрафцигер.




*Фиг. 33*

- Извадете го капакот *Фиг. 33 (1)* од горе нанапред.
- Закачете го капакот *Фиг. 33 (2)* завртен за 180° кон другата страна од десно.
- Вметнете го капакот *Фиг. 33 (3)*.
- Поставете го горното лежиште *Фиг. 33 (4)*.
- Нанесете ја и завртете ја завртката *Фиг. 33 (5)* со шрафцигер.
- Нанесете ја и завртете ја завртката *Фиг. 33 (6)* со шрафцигер.

## 14.7 Преместување на средните лежишта

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Опасност од повреда ако падне вратата!

Ако лежиштата не се доволно зашрафени, вратата може да падне. Ова може да предизвика тешки повреди. Покрај тоа, вратата може да не се затвора целосно и уредот да не лади правилно.

- Цврсто зашрафете ги лежиштата/завртките со 4 Nm.
- Проверете ги сите завртки и по потреба зацврстете ги.




*Фиг. 34*

- Извлечете ја шајбната *Фиг. 34 (1)*.
- Одвртете ги завртките *Фиг. 34 (2)* со шрафцигер.
- Извлечете го капакот *Фиг. 34 (3)* внимателно.
- Зашрафете го цврсто лежиштето со фолија *Фиг. 34 (4)* завртено 180° на другата страна.
- Нанесете го капакот *Фиг. 34 (5)* завртен за 180° кон другата страна.
- Вметнете ја шајбната *Фиг. 34 (6)* од предната страна.

## 14.8 Преместување на долните лежишта

**За сите уреди:**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Опасност од повреда ако падне вратата!

Ако лежиштата не се доволно зашрафени, вратата може да падне. Ова може да предизвика тешки повреди. Покрај тоа, вратата може да не се затвора целосно и уредот да не лади правилно.

- Цврсто зашрафете ги лежиштата/завртките со 4 Nm.
- Проверете ги сите завртки и по потреба зацврстете ги.




*Фиг. 35* *

- Извлечете ги лежиштето *Фиг. 35 (1)* нагоре целосно.*
- Одвртете ја завртката *Фиг. 35 (2)* со шрафцигер и извадете ја спојката на амортизерот за затворање.*
- Одвртете ги завртките *Фиг. 35 (3)* со шрафцигер и извадете го лежиштето.*

**За сите уреди:**




*Фиг. 36*

- Извадете го капакот *Фиг. 36 (1)*.




*Фиг. 37*

- Поставете го лежиштето на другата страна и зашрафете го со шрафцигер. Започнете со завртката *Фиг. 37 (2)* долу во средина.
- Зашрафете ги завртката *Фиг. 37 (3)* и завртката *Фиг. 37 (4)*.
- Поставете го лежиштето *Фиг. 37 (5)* целосно. Притоа внимавајте механизмот да биде насочен кон задната страна.
- Поставете го лежиштето на другата страна и зашрафете го со шрафцигер. Започнете со завртката *(2)*долу во средина.*
- Зашрафете ги завртката *(3)* и завртката *(4)*.*
- Завртете ја спојката на амортизерот за затворање *(5)* за 180°. Зашрафете со шрафцигер на другата страна од лежиштето.*
- Поставете го лежиштето *(6)* целосно. Притоа внимавајте механизмот да биде насочен кон задната страна.*



*Фиг. 38*

- Поставете го капакот *Фиг. 38 (1)* на другата страна.

## 14.9 Преместување на лежиштата на вратата

**Врата горе**



*Фиг. 39*

- Долната страна на вратата е насочена нагоре: Завртете ја вратата.
- Извлечете ја пиксната на водилката: Притиснете го јазичето *Фиг. 39 (1)* со обичен шрафцигер и истовремено движете со шрафцигер под пиксната на водилката *Фиг. 39 (2)*.
- На другата страна вметнете ја пиксната на водилката *Фиг. 39 (3)* што се содржи во пакувањето.
- Горната страна на вратата е насочена нагоре: Завртете ја вратата.

## 14.10 Преместување на рачките*

**За сите уреди:**




*Фиг. 40*

- Извлечете го капакот *Фиг. 40 (1)*.
- Одвртете ги завртките *Фиг. 40 (2)* со шрафцигер.
- Извадете ја рачката *Фиг. 40 (3)*.
- Кренете ги и извлечете ги страничните штопни *Фиг. 40 (4)* со шрафцигер внимателно.
- Поставете ги штопните *Фиг. 40 (5)* на другата страна.




*Фиг. 41*

- ▶ Нанесете ја рачката *Фиг. 41 (1)* на спротивната страна.
- ▷ Дупките за завртки мора да лежат точно еднонадруго.
- ▶ Зашрафете ги завртките *Фиг. 41 (2)* со шрафцигер.
- ▶ Поставете ги и вметнете ги капаците *Фиг. 41 (3)* странично.
- ▷ Вметнете ги правилно.

## 14.11 Монтирање на долната врата



*Фиг. 42*

- ▶ Внимателно кренете ги и извлечете ги штопните *Фиг. 42 (1)* со шрафцигер.
- ▶ Поставете ја вратата *Фиг. 42 (2)* одозгора на долното лежиште.
- ▶ Поставете го средното лежиште *Фиг. 42 (3)* низ средната основа во долната врата. Притоа внимавајте механизмот да биде насочен кон задната страна.
- ▶ Поставете ги штопните *Фиг. 42 (4)* на другата страна од вратата.

## 14.12 Монтирање на горната врата




*Фиг. 43*

- Поставете ја горната врата на средното лежиште *Фиг. 43 (1)*.
- Порамнете ја вратата кај горниот дел со отворот во основата на лежиштето. *Фиг. 43 (2)*
- Поставете ги завртките *Фиг. 43 (3)* и зашрафете ги со шрафцигер.
- Монтирање на капакот *Фиг. 43 (4)* на осигурувачот од вратата: Поставете го капакот од осигурувачот и проверете дали легнува на вратата. Во спротивно поставете ги завртките целосно.

**ВНИМАНИЕ**

Нагмечување на кабелот

- Обележано место на кабелот мора да се постави на средината на држачот. Јазичето со подолгиот отвор мора да биде насочено нагоре.

- Поставете го капакот *Фиг. 43 (5)* и притиснете надолу докрај.
- Поставете ги штопните *Фиг. 43 (6)*.

## 14.13 Монтирање на кабелската спојка




*Фиг. 44*

- Извадете го контролниот панел *Фиг. 44 (1)* внимателно.
- Завртете го контролниот панел *Фиг. 44 (2)* за 180° нагоре.
- Вметнете го приклучокот *Фиг. 44 (3)* на контролниот панел.
- Вметнете го контролниот панел *Фиг. 44 (4)* на уредот повторно.
- Внимателно поставете го кабелот *Фиг. 44 (5)* во водилката врз горното лежиште.




*Фиг. 45 Комбинирани фрижидери / Замрзнувачи / Ладилници**

- ▶ Поставете го кабелот *Фиг. 45 (1)* од водилката во горната врата.*
- ▶ Притиснете го издатокот *Фиг. 45 (2)* station наназад.*
- ▶ Вметнете го приклучокот *Фиг. 45 (3)*.*




*Фиг. 46 За комбинации за вино и замрзнување**

- ▶ Поставете ги двата кабли во горната врата.*
- ▶ Вметнете го приклучокот *Фиг. 46 (1)* во водилката.*
- ▶ Останатата должина од кабелот замотајте ја и поставете ја во водилката.

## 14.14 Порамнување на вратите

**За сите уреди:**

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Опасност од повреда ако падне вратата!

Ако лежиштата не се доволно зашрафени, вратата може да падне. Ова може да предизвика тешки повреди. Покрај тоа, вратата може да не се затвора целосно и уредот да не лади правилно.

- ▶ Цврсто зашрафете ги лежиштата со 4 Nm.
- ▶ Проверете ги сите завртки и по потреба зацврстете ги.

- ▶ Порамнете ја вратата според куќиштето на уредот преку двата надолжни отвора во основите на долното и средното лежиште. Затоа отшрафете ја средната завртка во основата на лежиштето со приложената алатка T20. Олабавете ги останатите завртки со алатката T20 или со шрафцигер T20 и порамнете ги преку надолжните отвори. Олабавете ги завртките во основата на средното лежиште со алатката T20 и основата на средното лежиште порамнете ја преку надолжните отвори.
- ▶ Потпирање на вратата: Одвртете ја ногарката на основата на долното лежиште со рачвест клуч SW10 додека легне на подот, а потоа завртете уште 90°.

## 14.15 Монтирање на долниот амортизер за затворање




*Фиг. 47* *

- ▶ Поставете го адаптерот *Фиг. 47 (1)* на страната на рачката во вдлабнатината.*
- ▶ Зашрафете ја завртката *Фиг. 47 (2)* со шрафцигер.*




*Фиг. 48*

- ▶ Турнете го амортизерот за затворање *Фиг. 48 (1)* на страната на основата на лежиштето во вдлабнатината докрај.
- ▶ Целосно турнете го амортизерот за затворање *Фиг. 48 (2)* во вдлабнатината.
- ▷ Амортизерот за затворање е позициониран правилно ако реброто на амортизерот за затворање се наоѓа во водилката.
- ▶ Зашрафете ја завртката *Фиг. 48 (3)* со шрафцигер.
- ▶ Турнете го капакот *Фиг. 48 (4)* преку зглобот.




*Фиг. 49*

Вратата е отворена 90°

- ▶ Завртете го зглобот *Фиг. 49 (1)* во држачот.
- ▶ Поставете ги завртките *Фиг. 49 (2)* во држачот и зглобот со шрафцигер. Притоа внимавајте дали механизмот се наоѓа правилно во лежиштето.
- ▶ Турнете го капакот на лежиштето *Фиг. 49 (3)* по должина на зглобот и монтирајте го преку држачот.
- ▶ Извадете го осигурувачот *Фиг. 49 (4)*.
- ▶ Поставете го и навалете го панелот *Фиг. 49 (5)* на страната на рачката.
- ▷ Панелот е вметнат.
- ▶ Затворете ја долната врата.

## 14.16 Монтирање на горниот амортизер за затворање

**За уреди со амортизер за затворање:**




*Фиг. 50 **

- ▶ Поставете го адаптерот *Фиг. 50 (1)* на страната на рачката во вдлабнатината.*
- ▶ Зашрафете ја завртката *Фиг. 50 (2)* со шрафцигер.*




*Фиг. 51*

- ▶ Турнете го амортизерот за затворање *Фиг. 51 (1)* на страната на основата на лежиштето во вдлабнатината докрај.
- ▶ Турнете го амортизерот за затворање целосно.
- ▷ Амортизерот за затворање е позициониран правилно ако реброто на амортизерот за затворање се наоѓа во водилката во куќиштето.
- ▶ Зашрафете ја завртката *Фиг. 51 (2)* со шрафцигер.



*Фиг. 52*

Вратата е отворена 90°.

- ▶ Завртете го зглобот *Фиг. 52 (1)* во лежиштето.
- ▶ Поставете ги завртките *Фиг. 52 (2)* во лежиштето и во зглобот. Притоа внимавајте дали механизмот се наоѓа правилно во лежиштето.
- ▶ Извадете го осигурувачот *Фиг. 52 (3)*.



*Фиг. 53*

- ▶ Поставете го и вметнете го капакот на лежиштето *Фиг. 53 (1)* и по потреба притиснете го внимателно.
- ▶ Поставете го панелот *Фиг. 53 (2)*.
- ▶ Панел *Фиг. 53 (3)*
- ▶ Отворете го надворешниот капак *Фиг. 53 (4)*.
- ▶ Затворете ја горната врата *Фиг. 53 (5)*.

# 15 Поврзување на уредот со доводот за вода*

Проверете дали се исполнети следните услови:

- ❑ Димензии на приклучокот за доводот за вода се запазени.
- ❑ Притисокот на водата е запазен.
- ❑ Доводот на вода до уредот се одвива преку цевката за ладна вода, којашто е отпорна на работниот притисок и е приклучена на доводот за вода за пиење.
- ❑ Сите уреди и апарати, што се користат за довод на вода, ги задоволуваат важечките прописи во земјата.
- ❑ Пристапот до задната страна на уредот е лесен за да можете да го поврзете уредот со доводот за вода за пиење.
- ❑ Се користи приложеното црево. Старите црева се фрлени.*
- ❑ Во приклучокот на цревото се наоѓа сито со заптивка.*
- ❑ Помеѓу цревото и приклучокот за вода за домаќинство се наоѓа вентил за вода за да можете да го прекинете доводот за вода по потреба.*
- ❑ Вентилот за вода се поставен надвор од задната страна на уредот и лесно се пристапува до него. На тој начин можете да го турнете уредот поблиско до ѕидот и по потреба да го завртите вентилот за вода набрзина.*

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Опасност од електричен удар преку вода!

- ▶ Пред поврзување со цевка за вода: Исклучете го уредот од струја.
- ▶ Пред поврзување со цевките за довод на вода: Прекинете го доводот за вода.
- ▶ Само квалификуван персонал смее да го поврзе уредот со напојувањето за вода за пиење.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Опасност од труење поради загадена вода!

- ▶ Приклучете го само на доводот за вода.

## 15.1 Приклучување на цревото*



*Фиг. 54*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(1)** | Магнетен вентил: Магнетниот вентил се наоѓа долу на задната страна на уредот. Има навој за приклучок R3/4. | **(5)** | Капаче |
| **(2)** | Капак | **(6)** | Црево |
| **(3)** | Свиткан крај на цревото | **(7)** | Прав крај на цревото |
| **(4)** | Навртка | **(8)** | Вентил за вода |

**ВНИМАНИЕ**

Опасност од оштетување поради несоодветна монтажа!

- ▶ Не оштетувајте го и не виткајте го цревото при монтажа.
- ▶ Не оштетувајте го и не виткајте го цревото при поставување на уредот.

**Поврзување на цревото со уредот:**

- ▶ Извлечете го *(2)* капакот.
- ▶ Турнете ја навртката *(4)* преку свитканиот крај на цревото *(3)* до крај и зацврстете ја.

**ВНИМАНИЕ**

Магнетниот вентил не дихтува поради оштетени навои!

Ако магнетниот вентил не дихтува, може да истече вода.

- ▶ Погледнете ги следните инструкции за монтажа на навртката на магнетниот вентил.

- ▶ Поставете ја навртката *(4)* внимателно на магнетниот вентил *(1)* и зацврстете ја.
- ▶ Завртувајте ја навртката *(4)* со рака на винтот, додека се постави безбедно и цврсто.
- ▷ Цревото е приклучено на уредот.

**Поврзување на цревото со вентилот за вода:**

- ▶ Отстранете го капачето *Фиг. 54 (5)*.
- ▶ Поставете го правиот крај на цревото *Фиг. 54 (7)* на вентилот за вода *Фиг. 54 (8)*.
- ▶ Зашрафете ја навртката од правиот крај на цревото *Фиг. 54 (7)* во насока на стрелките на часовникот.
- ▷ Цревото е приклучено на вентилот за вода.

## 15.2 Проверка на системот за вода

Пред да го поставите уредот, Liebherr препорачува да проверите дали дихтува системот за вода.

- ▶ Поставете го резервоарот за вода InfinitySpring. (погледни 16 Резервоар за вода*) *

- ▶ Поставете го филтерот за вода InfinitySpring. (погледни 17 Филтер за вода*) *
- ▶ Отворете го вентилот за вода полека.*
- ▶ Проверете дали дихтуваат цревата, доводот за вода и приклучоците.
- ▷ Системот за вода е проверен.
- ▷ Системот за вода дихтува: Можете го поставите уредот целосно.

**Забелешка**
**InfinitySpring**: Пред првата употреба, морате да го вклучите InfinitySpring. За таа цел морате да го извадите воздухот и да го исчистите системот за вода. (погледнете го Quick Start Guide или прирачникот за употреба)*

**IceMaker**: Пред првата употреба, морате да го исчистите IceMaker. (погледнете го Quick Start Guide или прирачникот за употреба)*

# 16 Резервоар за вода*

Во зависност од уредот, резервоарот за вода InfinitySpring се наоѓа назад на најдолната фиока во делот за ладење или во делот BioFresh*

## 16.1 Поставување на резервоарот за вода




*Фиг. 55*

- ▶ Отстранете ја фиоката.
- ▶ Поставете го резервоарот за вода и до крај завртете околу 90° кон десно.
- ▶ Проверете дали дихтува резервоарот и дали протекува вода.
- ▶ Поставете ја фиоката.
- ▶ Отстранете го воздухот од системот за вода. (погледнете го прирачникот за брзо стартување или за употреба)

Наместо филтер за вода, може да се постави дополнителен резервоар за вода.*

**Забелешка**
Резервоарот за вода може да се набави како резервен дел.

# 17 Филтер за вода*

Во зависност од уредот, филтерот за вода се наоѓа назад на најдолната фиока во делот за ладење или во делот BioFresh.*

Собира остатоци во водата и го намалува вкусот на хлор.

- ❑ Менувајте го филтерот за вода на секои 6 месеци при зададените перформанси или ако забележите значително намалена брзина на протокот.
- ❑ Филтерот за вода содржи активен јаглен и може да се фрли заедно со куќниот отпад.

**Забелешка**
Можете да го набавите филтерот за вода од продавницата Liebherr-Hausgeräte на home.liebherr.com/shop/de/deu/zubehor.html.

## 17.1 Поставување на филтерот за вода




*Фиг. 56*

- ▶ Отстранете ја фиоката.
- ▶ Поставете го филтерот за вода и до крај завртете околу 90° кон десно.
- ▶ Проверете дали дихтува филтерот и дали протекува вода.
- ▶ Поставете ја фиоката.

**⚠ ВНИМАТЕЛНО**
Опасност од инфекција поради суспендирани честички во новите филтри за вода!*
Гадење и повраќање.
- ▶ По замена на филтерот: 3 l водата од InfinitySpring исцедете ја и фрлете ја.

- ▷ Филтерот за вода сега е подготвен за употреба.

# 18 Приклучување на уредот во струја

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од електричен удар и повреди поради оштетен уред или оштетен кабел за струја!
Опасност по живот поради исеченици. Ако се оштети уредот или кабелот за струја при транспорт, може да дојде до смртен електричен удар. Можете да се исечете на оштетените делови од куќиштето на уредот.
- ▶ Проверете дали се оштетени уредот и кабелот за струја после транспорт.
- ▶ Не вклучувајте го уредот ако на него и на кабелот за струја може да се забележат оштетувања.
- ▶ Обратете се до корисничката служба.

Поврзете го уредот во струја преку одделно приложениот кабел. На едниот крај кабелот за струја има приклучок за во фрижидерот, а во другиот крај има приклучок за во струја.

Проверете дали се исполнети следните услови:

- Уредот и кабелот за струја не се оштетени.

# Приклучување на уредот во струја

- Уредот е поставен соодветно. (погледни 9 Монтирање ѕидни одбојници)
- Условите на електричниот приклучок се исполнети. (погледни 2 Услови за инсталација)
- Димензиите за соодветниот приклучок се запазени. (погледни 5 Димензии за приклучување за напојувањето со струја)
- Вредностите на напонот и фреквенцијата се според податоците наведени на табличката.
- Штекерот е соодветно заземјен и електрично изолиран.
- Струјата на осигурувачот изнесува помеѓу 10 A и 16 A.
- Штекерот треба да биде лесно достапен и да не се наоѓа зад уредот. (погледни 5 Димензии за приклучување за напојувањето со струја)

**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради несоодветна работа!
Оштетување на електричните делови на уредот.
▶ Користете го само кабелот за струја.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Опасност од несоодветно поврзување!
Изгореници.
Оштетувања на уредот.
▶ Не користете продолжен кабел.
▶ Не користете редни клеми.



**ВНИМАНИЕ**
Опасност од оштетување поради несоодветно поврзување!
Оштетувања на уредот.
▶ Не поврзувајте го уредот на самостоен инвертор, како на пр., на соларни електрични системи или бензински генератори.

▶ Приклучокот на кабелот поврзете го во струја. Приклучокот за струја треба да биде цврсто поставен во штекерот.
▷ Логото Liebherr се појавува на екранот.
▷ Приказот преминува на симболот Standby.
▷ Ако нема дејство 60 секунди: Симболот за мирување избледува или исчезнува.
▷ Уредот е поврзан. Погледнете го следното поглавје или прирачникот при првата употреба.

home.liebherr.com/fridge-manuals

**MK** Комбинација за ладење и замрзнување

Датум на издавање: 20250521

**Бр. на артикл-индекс: 7086760-00**

Liebherr-Hausgeräte Marica EOOD
Bezirk Plovdiv
4202 Radinovo
Bulgarien